Република Северна Македонија

Ј.З.У. Центар за јавно здравје-Скопје



# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА 2018 ГОДИНА

Скопје, 2019

Република Северна Македонија
Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје

# БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН: АНАЛИЗА ЗА 2018 ГОДИНА

Скопје, 2019 година

**Република Северна Македонија**
**Ј.З.У. Центар за јавно здравје Скопје**

**Директор:** Prim. d-r SHEMSI MUSA

Обработка на податоците:

**Одделение за социјална медицина**

Раководител на Одделението:

**прим. д-р сци. Весна Спирова**

Уредник и автор:

**прим. д-р сци. Весна Спирова**

Информатичка обработка:

**INFO SOFT ING**
**дипл. инг. Нијази Абдији**

# Предговор

*Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во Скопскиот регион,* во форма на публикација се подготвува секоја година на Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје, за да го прикеже преку основни статистички податоци и споредбени показатели, низ табели и графикони, вкупниот морбидитет и морталитет регистриран во болниците во Скопје кај населението од градот Скопје и Скопскиот регион во целост.

Анализата е изготвена во согласност со Националаната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2019 година, а врз основа на Законот за државната статистика и Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година, Законот за евиденциите во областа на здравството и Законот за јавно здравје.

Податоците за болничкиот морбидитет за населението во Скопскиот регион се презентирани на ниво на општини, како единици на локалната самоуправа , НТЕС 4, а податоците за болничкиот морталитет се презентирани на ниво на регион, НТЕС 3, во согласност со важечката класификација НТЕС.

Ваквото континуирано подготвување и публикување на податоците за болничкиот морбидитет и морталитет, според утврдена и единствена методологија и со примена на единствени статистички стандарди, овозможува нивно временско следење и анализирање како корисен и веродостоен показател за здравствената состојба на населението.

Содржината на публикацијата овозможува аналитички приод во користењето на податоците од страна на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, здравствените и социјалните установи, здравствените работници, јавноста и други корисници во областа на образованието, науката и сл. Собирањето на податоците и презентирањето на информациите за здравјето на населението овозможува реално планирање и алокација на ресурсите во здравството соодветно на детектираните состојби.



## Содржина

**1 Цел и методологија на работа**

**2 Регистриран болнички морбидитет**

**3 Регистриран болнички морталитет**

**4 Заклучоци и препораки**

**5 Користена литература**

**6 Прилог табели**

6.0А Вкупно лекувани болни-болнички морбидитет
6.0Б Вкупно лекувани болни, болнички денови и ПТЛ
6.1 Скопски регион-болнички морбидитет
6.2 Град Скопје-болнички морбидитет
6.3 Општина Аеродром-болнички морбидитет
6.4 Општина Бутел-болнички морбидитет
6.5 Општина Гази Баба-болнички морбидитет
6.6 Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет
6.7 Општина Карпош-болнички морбидитет
6.8 Општина Кисела Вода-болнички морбидитет
6.9 Општина Сарај-болнички морбидитет
6.10 Општина Центар-болнички морбидитет
6.11 Општина Чаир-болнички морбидитет
6.12 Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет
6.13 Општина Арачиново-болнички морбидитет
6.14 Општина Зелениково-болнички морбидитет
6.15 Општина Илинден-болнички морбидитет
6.16 Општина Петровец-болнички морбидитет
6.17 Општина Сопиште-болнички морбидитет
6.18 Општина Студеничани-болнички морбидитет
6.19 Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет
6.20 Скопски регион-болнички морталитет

# 1 Цел и методологија на работа

*Цел на оваа Анализа е да се прикаже болничкиот морбидитет и морталитет регистриран кај населението од Скопскиот регион во 2018 година, преку здравствено-статистичка обработка на податоците добиени од сите болници во Регионот и со пресметување на одбрани показатели.*

**Системот на јавно здравје** ја истражува, ја следи и ја проучува здравствената состојба на населението со цел навремено да се преземат мерки за подобрување на здравјето на луѓето. Процесот вклучува (1) идентификација и одговор на основните закани по здравјето, и (2) создавање на услови за обезбедување на правовремени, соодветни и достапни здравствени услуги.

*Извор на податоците за болничкиот морбидитет и морталитет претставува индивидуалниот* Извештај за стационарно лекувано лице, Образец бр. 3 – 21 – 61 А, *кој редовно се пополнува во болниците за секој испишан болен, независно од тоа дали се работи за стационар или дневна болница, и месечно се доставува до центрите за јавно здравје во Републиката. Тогаш кога се работи за породување се пополнува Пријава за породување,* Образец бр. 03 – 21 – 63.

*На Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје Скопје за календарската 2018 година се примени, логички контролирани и компјутерски обработени 123 050 вакви извештаи. Од вкупниот број, 68 545 (55,7%) се однесуваат на жители од Скопскиот регион, додека останатите припаѓаат на жители од другите седум статистички региони во РСМакедонија и на жители од странски држави.*

Сите јавни и приватни болници во градот Скопје обезбедуваат секундарна и терцијарна болничка здравствена заштита за населението на градот Скопје и за населението од Скопскиот регион во целост и главно терцијарна

здравствена заштита за населението од останатите региони во Република СМакедонија и од странство.




**Слика 1.** Центарот за јавно здравје - Скопје, низ различни здравствено-статистички аспекти, континуирано го следи болничкото лекување во сите капацитети на територијата на Скопскиот регион.

За евалуација на болничкиот морбидитет и морталитет користена е дескриптивна анализа и аналитички метод на работа со примена на следниот сет на индикатори:

- **Стапка на болнички морбидитет на 1000 жители, општа и специфична**
- **Индекс на структура на болнички морбидитет** според групите на болести во согласност со МКБ-10
- **Индекс на динамика**
- **Стапка на болнички морталитет во %, т.е. број на починати во болница од 100 лекувани лица, општа и специфична стапка на болнички морталитет**
- **Индекс на структура на болнички морталитет** според групите на болести во согласност со МКБ-10 и според старосната група од интерес.

Податоците за бројот на населението на ниво на општини во 2018 година се проценети во Центарот за јавно здравје - Скопје врз основа на претходни

податоци за бројот на населението од Државниот завод за статистика на Република СМакедонија публикувани на ниво на општини за 2017 година.

## 2 Регистриран болнички морбидитет

Податоците за болничкиот морбидитет според МКБ-10, регистриран кај населението од Скопскиот регион во 2018 година, говорат дека меѓу причините за хоспитализација на прво место стои групата болести Неоплазми, C00-D48. Од вкупниот број хоспитализирани лица, 68545, жители на Скопскиот регион, 10287 лица или 15.0% се примени во болница поради овие болести.




*Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје*

**Дијаграм 1.** Структура на болничкиот морбидитет, според групите на болести според МКВ-10 на вкупниот број испишани болни во 2018 година, жители на Скопскиот регион.

Второрангирани се болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, со 9858 хоспитализации, или 14.4% од вкупниот број болнички лекувани лица. Следуваат болестите на респираторниот систем, J00-J99, со учество од 11.9% во вкупните причини

за прием во болница. Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, со 11.6%, Болестите на дигестивниот систем, K00-K93, со 8.8% и Повредите, труењата и други последици од надворешни причини, S00-T98, со 6.1%, стојат на четвртото, петтото и шесттото место на листата на причини за болничко лекување.

Болничкиот морбидитет за жителите на Скопскиот регион во 2018 година покажува највисока стапка на хоспитализација за *Неоплазмите, C00-D48*, со вредност од 16.3 епизоди на болничко лекување на 1000 жители. Следуваат *Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99*, со стапка на хоспитализација од 15.6/1000 жители; *Болестите на респираторниот систем, J00-J99*, со стапка на хоспитализација од 12.9/1000 жители; *Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99*, со стапка од 12.6/1000 жители; *Болестите на дигестивниот систем, K00-K93*, со стапка од 9.6/1000 жители и *Повредите, труењата и другите последици од надворешни причини, S00-T9* со стапка од 6.6/1000 жители.

Временската серија за болнички лекувани болни од 2010-2018 година, открива дека во набљудуваниот период највисок базичен индекс 2018/2010 година покажува групата *Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, R00-R99*, со вредност од 1.83. Следува групата *Болести на увото и на мастоидниот израсток, H60-H95 со вредност од 1.76*. Со индекс од 1.56 следува *групата Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89*. *Душевните растројства и растројства на обноските, F00-F99*, бележат базичен индекс од 1.35 во периодот 2018-2010 година и на петтото место со базичен индекс од 1.32 стои групата *Болести на генитоуринарниот систем, N00-N99* . Најголем пад во индексираниот период од 2010 до 2018 година од *0.65* покажува групата болести *Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99*.

Меѓу хоспитализираните лица во 2018 година близу една третина (32.0%) се лица постари од 65 години. Споредено со нив, двојно е помал бројот на болнички лекувани деца до 14 години (14.3%).

Во поглед на структурата на групите болести според МКБ-10, поединечно, хоспитализираните болни постари од 65 години со најголема пропорција учествуваат во: (1) групата Болести на окото и на аднексите, (H00-H59), (62.3%), (2) Болести на циркулаторниот систем, I00-I99, (55.1%), (3) Неоплазми, C00-D48, (41.5%), (4.1) Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам, D50-D89, (39.4%),

и еднакво во (4.2) Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби, Z00-Z99, (39.4%), (5) Болести на мускулно-скелетниот систем и сврзното ткиво, M00-M99 (38.3%), и (6) Повреди, труења и други последици од надворешни причини, S00-T98, (32.3%).

Од аспект на вкупните причини за хоспитализација на старите лица, Болестите на циркулаторниот систем, I00-I99, Неоплазмите, C00-D48 и Болестите на генитоуринарниот систем, N00-N99, се првите три најчести причини за лекување во болница со учество од 24.7%, 19.4% и 9.2%, соодветно.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 2.** Стапка на болнички морбидитет на 1000 жители регистриран кај населението од Скопскиот регион во 2010 и 2018 година.

Од аспект на одделните групи на болести и вкупниот број на хоспитализирани лица, **децата до 14 години**, имаат највисоко учество во групите: (1) Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период, P00-P96, 100.0%, (2) групата Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности, Q00-Q99, со индекс од 59.5%. Следуваат групите (3) Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99, (4)

Болести на респираторниот систем, J00-J99, и (5) Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди R00- R99, со индекс од 50.6%, 48.8% и 41.2%, соодветно. Во групата болнички лекувани лица од Одредени инфективни и паразитски болести, A00-B99, децата до 14 години имаат **четири пати** повисоко учество со индекс од 50.6% споредено со старите лица чиј индекс на структура во оваа група болести изнесува 12.9%.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 3.** Болнички морбидитет на 1000 жители регистриран кај населението од Скопскиот регион, според групите на болести во согласност со МКБ-10, во 2010, 2016 и 2018 година, одделно.

Според полот, дистрибуцијата покажува дека **47.6%** од вкупниот број хоспитализирани лица се **мажи**, а **52.4%** се **жени**. Од вкупниот број болнички денови **мажите** оствариле **56.5%**, а **жените 43.5%**. Болничкото лекување за жените во просек траело **8.4 денови** и е пократко од болничкото лекување на мажите, кое изнесува **12,0 денови**. Во просек лекувањето во болница во 2018 година за сите лица без оглед на полот траело **10.2 денови**.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 4.** Дистрибуцијата според полот зборува дека од вкупниот број болнички лекувани лица во 2018 година 52,37 % биле пациенти жени.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 5.** Дистрибуцијата според полот зборува дека од вкупниот број болнички денови во 2018 година 56,48 % биле реализирани од пациенти мажи.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 6.** Болнички морбидитет на 1000 жители регистриран кај населението од Скопскиот регион, според групите на болести во согласност со МКВ-10, во 2010 и 2018 година, 2010 година споредена со 2018 година како база=100.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 7.** Болнички морбидитет регистриран според групите на болести во согласност со МКБ-10 кај населението од Скопскиот регион, во 2018 година, вкупно, и одделно за (1) деца до 14 години и (2) лица постари од 65 години.




| | ПРОСЕК | Z00-Z99 | S00-T98 | R00-R99 | Q00-Q99 | P00-P96 | O00-O99 | N00-N99 | M00-M99 | L00-L99 | K00-K93 | J00-J99 | I00-I99 | H60-H95 | H00-H59 | G00-G99 | E00-E90 | D50-D89 | C00-D48 | A00-B99 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 10.2 | 4.6 | 7.6 | 5.1 | 3.9 | 10.7 | 2.3 | 4.3 | 13.3 | 6.0 | 5.2 | 7.3 | 7.2 | 6.5 | 1.4 | 14.7 | 7.2 | 33.3 | 13.7 | 8.9 |
| 2015 | 13.1 | 6.2 | 9.4 | 5.7 | 6.2 | 9.7 | 2.5 | 6.0 | 12.5 | 6.1 | 6.3 | 7.9 | 9.8 | 5.4 | 2.6 | 14.6 | 8.9 | 32.1 | 18.2 | 12.0 |
| 2013 | 11.9 | 8.1 | 7.8 | 7.1 | 5.2 | 10.6 | 2.8 | 5.9 | 12.4 | 7.5 | 6.3 | 8.3 | 8.2 | 8.1 | 2.3 | 13.7 | 6.8 | 19.1 | 14.3 | 13.8 |
| 2010 | 11.7 | 6.4 | 8.8 | 5.6 | 6.0 | 7.3 | 2.6 | 4.9 | 14.6 | 5.9 | 4.9 | 7.6 | 9.4 | 11.0 | 3.1 | 13.3 | 10.9 | 4.9 | 5.7 | 13.7 |

2018 2015 2013 2010

Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 8.** Детален приказ на просечното траење на лекувањето во болница според групите на болести во согласност со МКБ-10, во периодот од 2010 – 2018 година. Податоците за групата болести Душевни растројства и растројства во обноските, F00-F99, за 2018 година изнесува 68.3 денови и заради должината не се прикажани на графиконот.

Од аспект на општината како место на живеење на болнички лекуваните лица, највисока стапка на општ болнички морбидитет во градот Скопје во 2018 година бележат општините Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба со 271.6, 137.7 и 134.3, 132,1 и 125,2 хоспитализации на 1000 жители, соодветно. Во руралните општини стапката на општ болнички морбидитет е највисока во општините Илинден, Чучер Сандево и Арачиново со вредност од 42.3/1000 ж., 38.6/1000 ж. и 37.3/1000 жители

поединечно. Во седумте рурални општини општата стапка на болнички морбидитет се движи помеѓу 42.3/1000 жители во општина Илинден и 30.5/1000 жители во општина Сопиште.

## 3 РЕГИСТРИРАН БОЛНИЧКИ МОРТАЛИТЕТ

Морталитетот е прикажан збирно, за Скопскиот регион во целост.

И понатаму останува потребата да се постигне добра пракса за целосно и веродостојно известување преку Индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице. Особено се бележи нецелосно пријавување на случаите кога исходот од хоспитализацијата е летален.




Извор: ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје

**Дијаграм 9.** Специфична стапка на болнички морталитет според групите болести, одделно: за жителите на Скопскиот регион во 2018 година - графички приказ.

Од аспект на групите на болести одделно, највисока специфична стапка на болнички морталитет од 3.7/100 лекувани болни се регистрира во групата **Болести на циркулаторниот систем**, **I00-I99**. *На втората позиција се* **Болестите на нервниот**

**систем, G00-G99,** со стапка од 2.8/100 лекувани лица во болница. Третата позиција упатува на **Душевни растројства и растројства во обноските, F00-F99**, со стапка од 1.5/100 болнички лекувани лица.

Во структурата на вкупниот број на умрени во болница најголемо учество имаат **Болестите на циркулаторниот систем**, **I00-I99,** со индекс од 43.3% по што следат **Неоплазмите, C00-D48**, со индекс од 15.9%.

## 4 Заклучоци и препораки

**Неоплазмите, C00-D48**, се најчестата причина за хоспитализација на населението во Скопскиот регион во 2016 година. Имено, **15.0%** од вкупниот број на случаи на болничко лекување се должат на овие заболувања. **Болестите на циркулаторниот систем**, **I00-I99**, се втората најчеста причина за прием во болница со учество од **14.4%** во вкупниот број на хоспитализации. **Болестите на респираторниот систем, J00-J99,** стојат на третата позиција со индекс од **11.9%.**

**Општата стапка на болничкото лекување** за Скопскиот регион од **108.6/1000 жители** во 2018 година е значително пониска од просечната стапка на болничко лекување во земјите на Европскиот регион од 167/1000 **жители** во 2014 година (последен достапен податок според European HFA Database, July 2015).

Болничкиот морбидитет во Скопскиот регион покажува највисока специфична стапка на болничко лекување за групата болести**, Неоплазми C00-D48**, од **16.3/1000 жители**, што е под стапката за земјите од Европскиот регион (2010) од 18.4/1000 жители (последен достапен податок според European HFA Database, July 2015).

**Болестите на циркулаторниот систем**, **I00-I99,** со специфична стапка на болничко лекување од **15.6/1000 жители** во Скопскиот регион**,** се исто така под специфичната стапка на отпусти заради болестите на циркулаторниот систем за Европскиот регион (2010) од 25.2/1000 жители (последен достапен податок според European HFA Database, July 2015).

Во временската серија од 2010 до 2018 година, највисок **базичен индекс 2018/2010** од **1.76** покажуваат ***Болестите на увото и на мастоидниот израсток**, H60-H95.* На второ место според вредноста на базичниот индекс 2018/2010 од 1.56 стојат ***Болестите на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам*** и со вредност од 1.35 следуваат ***Душевни растројства и растројства во обноските.***

Близу ***една третина*** (32,0%) од хоспитализираните лица се **постари од 65 години**, додека **децата на возраст до 14 години** чинат до ***една шестина*** (14,3%) од вкупно лекуваните лица во болница во текот на 2018 година.

***Болестите на циркулаторниот систем***, *I00-I99,* ***Неоплазмите, C00-D48****, и* ***Болестите на генитоуринарниот систем,*** *N00-N99,* се трите групи на болести според МКБ-10 – најчести причини за болничко лекување кај лицата **постари од 65 години** ; нивниот индекс во структурата на вкупните причини е 24.7%, 19.4% и 9.2%, соодветно.

Популацијата на **деца од 0 до 14 години** покажува структура на болничкиот морбидитет со индекс кој е највисок (1) во групата на ***Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период***, P00-P96, со вредност од 100.0%, (2) во групата на ***Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности***, Q00-Q99, со вредност од 59.5% и (3) во групата на ***Инфективни и паразитски болести***, A00-B99, со вредност од 50.6%.

Според местото на живеење, во 2018 година, највисока стапка на општ болнички морбидитет е регистриран во општина Центар (271.6), **6.9 пати повисока** споредено со најниската стапка во градот, во општина Сарај (39.4) и **8.2 пати повисока** споредено со најниската стапка во Регионот, во општина Студеничани (33.1).

# 5 Користена литература


1. Македонија во бројки, 2018, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2018.
2. Регионите во Република Македонија, 2018 година, Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2018.
3. European HFA Database (July 2015 update) WHO/Europe.
4. Закон за јавно здравје: Службен весник на Република Македонија, бр.22, 2010.
5. Закон за државна статистика: Службен весник на Република Македонија, бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18.
6. Програма за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2018: Службен весник на Република Македонија бр.22/18.
7. Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 – сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем, Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2007.
8. Стратешки план на Министерството за здравство 2017-2019 година
9. Национална стратегија на Република Македонија за превенција и контрола на незаразните болести (2009), Скопје: Министерство за здравство на Република Македонија, 2009.

# 6 Прилог табели

- Вкупно лекувани болни-болнички морбидитет
- Вкупно лекувани болни, болнички денови и ПТЛ
- Скопски регион-болнички морбидитет
- Град Скопје-болнички морбидитет
- Општина Аеродром-болнички морбидитет
- Општина Бутел-болнички морбидитет
- Општина Гази Баба-болнички морбидитет
- Општина Ѓорче Петров-болнички морбидитет
- Општина Карпош-болнички морбидитет
- Општина Кисела Вода-болнички морбидитет
- Општина Сарај-болнички морбидитет
- Општина Центар-болнички морбидитет
- Општина Чаир-болнички морбидитет
- Општина Шуто Оризари-болнички морбидитет
- Општина Арачиново-болнички морбидитет
- Општина Зелениково-болнички морбидитет
- Општина Илинден-болнички морбидитет
- Општина Петровец-болнички морбидитет
- Општина Сопиште-болнички морбидитет
- Општина Студеничани-болнички морбидитет
- Општина Чучер-Сандево-болнички морбидитет
- Скопски регион-болнички морталитет

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### ВКУПНО ЛЕКУВАНИ БОЛНИ И ЛЕКУВАНИ БОЛНИ ЖИТЕЛИ НА СКОПСКИОТ РЕГИОН, 2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | Морбидитет на 1000 жители Вкупно за **РСМАКЕДОНИЈА** | Морбидитет на 1000 жители за **Скопскиот регион** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ, ЖИТЕЛИ НА СКОПСКИОТ РЕГИОН | ИНДЕКС НА СТРУКТУРА ЗА СКОПСКИОТ РЕГИОН | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2145 | 1507 | 70.3 | 1.0 | 2.4 |
| C00-D48 | Неоплазми | 23838 | 10287 | 43.2 | 11.5 | 16.3 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 1584 | 756 | 47.7 | 0.8 | 1.2 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 3068 | 1498 | 48.8 | 1.5 | 2.4 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 3234 | 2516 | 77.8 | 1.6 | 4.0 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 2473 | 1345 | 54.4 | 1.2 | 2.1 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 3693 | 1877 | 50.8 | 1.8 | 3.0 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 585 | 372 | 63.6 | 0.3 | 0.6 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 17980 | 9858 | 54.8 | 8.6 | 15.6 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 11700 | 8130 | 69.5 | 5.6 | 12.9 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 10081 | 6066 | 60.2 | 4.8 | 9.6 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 2388 | 1617 | 67.7 | 1.1 | 2.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 5144 | 2861 | 55.6 | 2.5 | 4.5 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 14899 | 7949 | 53.4 | 7.2 | 12.6 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 2957 | 1921 | 65.0 | 1.4 | 3.0 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 549 | 289 | 52.6 | 0.3 | 0.5 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 1555 | 613 | 39.4 | 0.7 | 1.0 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 2601 | 1794 | 69.0 | 1.3 | 2.8 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 7198 | 4160 | 57.8 | 3.5 | 6.6 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 5378 | 3129 | 58.2 | 2.6 | 5.0 |
| ВКУПНО: | | 123050 | 68545 | **55.7** | **59.2** | **108.6** |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

### ВКУПНО ЛЕКУВАНИ БОЛНИ И ЛЕКУВАНИ БОЛНИ ЖИТЕЛИ НА СКОПСКИОТ РЕГИОН, 2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ, БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ И ПРОСЕЧНО ТРАЕЊЕ НА ЛЕКУВАЊЕТО СПОРЕД МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ, 2018 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ, СКОПСКИ РЕГИОН | Лекувани болни од Македонија без Скопски регион | БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ ЗА СИТЕ ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ ЗА ЖИТЕЛИ НА СКОПСКИ РЕГИОН | БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ ЗА ЖИТЕЛИ на Македонија вон Скопски регион | Просечно траење лекувањеза ВКУПНО ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | Просечно траење лекување, СКОПСКИ РЕГИОН | Просечно траење лекување, Македонија без Скопски регион |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2145 | 1507 | 638 | 21540 | 13405 | 8135 | 10.0 | 8.9 | 12.8 |
| C00-D48 | Неоплазми | 23838 | 10287 | 13551 | 358200 | 141357 | 216843 | 15.0 | 13.7 | 16.0 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 1584 | 756 | 828 | 45365 | 25197 | 20168 | 28.6 | 33.3 | 24.4 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 3068 | 1498 | 1570 | 19411 | 10792 | 8619 | 6.3 | 7.2 | 5.5 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 3234 | 2516 | 718 | 195502 | 171762 | 23740 | 60.5 | 68.3 | 33.1 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 2473 | 1345 | 1128 | 32693 | 19817 | 12876 | 13.2 | 14.7 | 11.4 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 3693 | 1877 | 1816 | 4957 | 2611 | 2346 | 1.3 | 1.4 | 1.3 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 585 | 372 | 213 | 3302 | 2405 | 897 | 5.6 | 6.5 | 4.2 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 17980 | 9858 | 8122 | 117759 | 71128 | 46631 | 6.5 | 7.2 | 5.7 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 11700 | 8130 | 3570 | 79894 | 59035 | 20859 | 6.8 | 7.3 | 5.8 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 10081 | 6066 | 4015 | 52963 | 31298 | 21665 | 5.3 | 5.2 | 5.4 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 2388 | 1617 | 771 | 13391 | 9691 | 3700 | 5.6 | 6.0 | 4.8 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 5144 | 2861 | 2283 | 61046 | 38080 | 22966 | 11.9 | 13.3 | 10.1 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 14899 | 7949 | 6950 | 58580 | 34278 | 24302 | 3.9 | 4.3 | 3.5 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 2957 | 1921 | 1036 | 7365 | 4446 | 2919 | 2.5 | 2.3 | 2.8 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 549 | 289 | 260 | 6423 | 3092 | 3331 | 11.7 | 10.7 | 12.8 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 1555 | 613 | 942 | 4862 | 2403 | 2459 | 3.1 | 3.9 | 2.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 2601 | 1794 | 807 | 13389 | 9062 | 4327 | 5.1 | 5.1 | 5.4 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 7198 | 4160 | 3038 | 54213 | 31645 | 22568 | 7.5 | 7.6 | 7.4 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 5378 | 3129 | 2249 | 24332 | 14397 | 9935 | 4.5 | 4.6 | 4.4 |
| ВКУПНО: | | 123050 | 68545 | 54505 | 1175187 | 695901 | 479286 | **9.6** | **10.2** | **8.8** |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## СКОПСКИ РЕГИОН, 2010-2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 | Морбидитет на 1000 жители во 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2014 | 2018 | Индекс 18/10 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2327 | 1958 | 1507 | 0.65 | 3.9 | 3.2 | 2.4 |
| C00-D48 | Неоплазми | 11985 | 8925 | 10287 | 0.86 | 19.9 | 14.5 | 16.3 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 486 | 574 | 756 | 1.56 | 0.8 | 0.9 | 1.2 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1373 | 1795 | 1498 | 1.09 | 2.3 | 2.9 | 2.4 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1870 | 1582 | 2516 | 1.35 | 3.1 | 2.6 | 4.0 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 1107 | 1238 | 1345 | 1.21 | 1.8 | 2.0 | 2.1 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1434 | 2117 | 1877 | 1.31 | 2.4 | 3.4 | 3.0 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 211 | 407 | 372 | 1.76 | 0.4 | 0.7 | 0.6 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 11105 | 8751 | 9858 | 0.89 | 18.4 | 14.2 | 15.6 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 8271 | 9924 | 8130 | 0.98 | 13.7 | 16.1 | 12.9 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 6837 | 5651 | 6066 | 0.89 | 11.3 | 9.2 | 9.6 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 1562 | 1590 | 1617 | 1.04 | 2.6 | 2.6 | 2.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 3053 | 3521 | 2861 | 0.94 | 5.1 | 5.7 | 4.5 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 6029 | 8028 | 7949 | 1.32 | 10.0 | 13.0 | 12.6 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1890 | 2249 | 1921 | 1.02 | 3.1 | 3.7 | 3.0 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 437 | 258 | 289 | 0.66 | 0.7 | 0.4 | 0.5 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 728 | 771 | 613 | 0.84 | 1.2 | 1.3 | 1.0 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 981 | 1088 | 1794 | 1.83 | 1.6 | 1.8 | 2.8 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 4124 | 4154 | 4160 | 1.01 | 6.8 | 6.8 | 6.6 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 2635 | 2101 | 3129 | 1.19 | 4.4 | 3.4 | 5.0 |
| ВКУПНО: | | 68445 | 66682 | 68545 | 1.00 | 113.6 | 108.4 | 108.6 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ГРАД СКОПЈЕ, 2010-2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 | Морбидитет на 1000 жители во 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2014 | 2018 | Индекс 18/10 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 2151 | 1777 | 1355 | 0.6 | 4.1 | 3.3 | 2.5 |
| C00-D48 | Неоплазми | 11614 | 8495 | 9397 | 0.8 | 22.1 | 15.9 | 17.2 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 477 | 542 | 618 | 1.3 | 0.9 | 1.0 | 1.1 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 1332 | 1727 | 1401 | 1.1 | 2.5 | 3.2 | 2.6 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 1824 | 1570 | 2460 | 1.3 | 3.5 | 2.9 | 4.5 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 1046 | 1140 | 1240 | 1.2 | 2.0 | 2.1 | 2.3 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 1318 | 1993 | 1758 | 1.3 | 2.5 | 3.7 | 3.2 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 196 | 360 | 357 | 1.8 | 0.4 | 0.7 | 0.7 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 10908 | 8369 | 8745 | 0.8 | 20.8 | 15.6 | 16.0 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 8032 | 9509 | 7779 | 1.0 | 15.3 | 17.8 | 14.2 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 6451 | 5198 | 5582 | 0.9 | 12.3 | 9.7 | 10.2 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 1473 | 1471 | 1551 | 1.1 | 2.8 | 2.7 | 2.8 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 2916 | 3375 | 2627 | 0.9 | 5.5 | 6.3 | 4.8 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 5868 | 7676 | 7515 | 1.3 | 11.2 | 14.3 | 13.7 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 1716 | 2050 | 1781 | 1.0 | 3.3 | 3.8 | 3.3 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 437 | 258 | 289 | 0.7 | 0.8 | 0.5 | 0.5 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 701 | 731 | 524 | 0.7 | 1.3 | 1.4 | 1.0 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 959 | 1043 | 1678 | 1.7 | 1.8 | 1.9 | 3.1 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 3774 | 3771 | 3795 | 1.0 | 7.2 | 7.0 | 6.9 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 2539 | 2017 | 2973 | 1.2 | 4.8 | 3.8 | 5.4 |
| ВКУПНО: | | 65732 | 63072 | 63425 | 1.0 | 125.1 | 117.8 | 116.0 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ, 2010-2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 | Морбидитет на 1000 жители во 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2014 | 2018 | Индекс 18/10 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 181 | 181 | 125 | 0.7 | 2.4 | 2.4 | 1.6 |
| C00-D48 | Неоплазми | 929 | 886 | 1142 | 1.2 | 12.4 | 11.6 | 14.6 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 47 | 42 | 52 | 1.1 | 0.6 | 0.5 | 0.7 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 83 | 73 | 50 | 0.6 | 1.1 | 1.0 | 0.6 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 130 | 109 | 173 | 1.3 | 1.7 | 1.4 | 2.2 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 92 | 143 | 150 | 1.6 | 1.2 | 1.9 | 1.9 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 101 | 226 | 191 | 1.9 | 1.3 | 3.0 | 2.4 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 9 | 43 | 20 | 2.2 | 0.1 | 0.6 | 0.3 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 355 | 766 | 918 | 2.6 | 4.7 | 10.0 | 11.7 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 339 | 548 | 390 | 1.2 | 4.5 | 7.2 | 5.0 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 463 | 463 | 549 | 1.2 | 6.2 | 6.1 | 7.0 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 138 | 200 | 126 | 0.9 | 1.8 | 2.6 | 1.6 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 223 | 388 | 206 | 0.9 | 3.0 | 5.1 | 2.6 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 370 | 526 | 636 | 1.7 | 4.9 | 6.9 | 8.1 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 77 | 93 | 118 | 1.5 | 1.0 | 1.2 | 1.5 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 3 | 9 | 21 | 7.0 | 0.0 | 0.1 | 0.3 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 31 | 46 | 58 | 1.9 | 0.4 | 0.6 | 0.7 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 27 | 86 | 101 | 3.7 | 0.4 | 1.1 | 1.3 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 269 | 320 | 393 | 1.5 | 3.6 | 4.2 | 5.0 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 145 | 85 | 233 | 1.6 | 1.9 | 1.1 | 3.0 |
| ВКУПНО: | | 4012 | 5233 | 5652 | 1.4 | 53.6 | 68.5 | 72.1 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА БУТЕЛ, 2010-2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 | Морбидитет на 1000 жители во 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2014 | 2018 | Индекс 18/10 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 101 | 81 | 58 | 0.6 | 2.7 | 2.1 | 1.5 |
| C00-D48 | Неоплазми | 331 | 286 | 309 | 0.9 | 8.8 | 7.5 | 7.9 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 15 | 13 | 26 | 1.7 | 0.4 | 0.3 | 0.7 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 33 | 32 | 36 | 1.1 | 0.9 | 0.8 | 0.9 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 53 | 55 | 62 | 1.2 | 1.4 | 1.4 | 1.6 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 34 | 39 | 30 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 0.8 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 46 | 104 | 107 | 2.3 | 1.2 | 2.7 | 2.7 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 4 | 29 | 8 | 2.0 | 0.1 | 0.8 | 0.2 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 137 | 283 | 347 | 2.5 | 3.6 | 7.4 | 8.8 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 156 | 284 | 192 | 1.2 | 4.2 | 7.4 | 4.9 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 283 | 253 | 229 | 0.8 | 7.5 | 6.6 | 5.8 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 43 | 74 | 48 | 1.1 | 1.1 | 1.9 | 1.2 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 103 | 174 | 105 | 1.0 | 2.7 | 4.5 | 2.7 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 138 | 235 | 301 | 2.2 | 3.7 | 6.1 | 7.6 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 88 | 100 | 108 | 1.2 | 2.3 | 2.6 | 2.7 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 0 | 3 | 4 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 23 | 14 | 22 | 1.0 | 0.6 | 0.4 | 0.6 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 12 | 31 | 51 | 4.3 | 0.3 | 0.8 | 1.3 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 163 | 173 | 172 | 1.1 | 4.3 | 4.5 | 4.4 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 71 | 67 | 108 | 1.5 | 1.9 | 1.7 | 2.7 |
| ВКУПНО: | | 1834 | 2330 | 2323 | 1.3 | 48.8 | 60.8 | 59.0 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, 2010-2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 | Морбидитет на 1000 жители во 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2014 | 2018 | Индекс 18/10 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 356 | 214 | 182 | 0.5 | 4.7 | 2.8 | 2.4 |
| C00-D48 | Неоплазми | 1507 | 1131 | 1122 | 0.7 | 19.9 | 14.8 | 14.6 |
| D50-D89 | Болести на крвта и крвотворните органи и заболувања на имуниот механизам | 84 | 70 | 66 | 0.8 | 1.1 | 0.9 | 0.9 |
| E00-E90 | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | 220 | 199 | 118 | 0.5 | 2.9 | 2.6 | 1.5 |
| F00-F99 | Душевни растројства и растројства во обноските | 263 | 636 | 951 | 3.6 | 3.5 | 8.3 | 12.3 |
| G00-G99 | Болести на нервниот систем | 181 | 189 | 177 | 1.0 | 2.4 | 2.5 | 2.3 |
| H00-H59 | Болести на окото и на аднексите | 252 | 254 | 248 | 1.0 | 3.3 | 3.3 | 3.2 |
| H60-H95 | Болести на увото и на мастоидниот израсток | 33 | 38 | 36 | 1.1 | 0.4 | 0.5 | 0.5 |
| I00-I99 | Болести на циркулаторниот систем | 1677 | 1144 | 1293 | 0.8 | 22.2 | 14.9 | 16.8 |
| J00-J99 | Болести на респираторниот систем | 1225 | 1340 | 959 | 0.8 | 16.2 | 17.5 | 12.5 |
| K00-K93 | Болести на дигестивниот систем | 1110 | 779 | 874 | 0.8 | 14.7 | 10.2 | 11.3 |
| L00-L99 | Болести на кожата и на поткожното ткиво | 248 | 206 | 193 | 0.8 | 3.3 | 2.7 | 2.5 |
| M00-M99 | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво | 522 | 595 | 488 | 0.9 | 6.9 | 7.8 | 6.3 |
| N00-N99 | Болести на генитоуринарниот систем | 1416 | 1202 | 1367 | 1.0 | 18.7 | 15.7 | 17.7 |
| O00-O99 | Бременост, породување и пуерпериум | 246 | 294 | 295 | 1.2 | 3.2 | 3.8 | 3.8 |
| P00-P96 | Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период | 83 | 45 | 30 | 0.4 | 1.1 | 0.6 | 0.4 |
| Q00-Q99 | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности | 122 | 119 | 69 | 0.6 | 1.6 | 1.6 | 0.9 |
| R00-R99 | Симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди | 153 | 152 | 221 | 1.4 | 2.0 | 2.0 | 2.9 |
| S00-T98 | Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини | 622 | 614 | 472 | 0.8 | 8.2 | 8.0 | 6.1 |
| Z00-Z99 | Фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби | 390 | 279 | 484 | 1.2 | 5.2 | 3.6 | 6.3 |
| ВКУПНО: | | 10710 | 9500 | 9645 | 0.9 | 141.5 | 123.9 | 125.2 |

## БОЛНИЧКИ МОРБИДИТЕТ

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, 2010-2018

| ГРУПИ НА БОЛЕСТИ СПОРЕД МКБ-X | | ЛЕКУВАНИ БОЛНИ | | | | Морбидитет на 1000 жители во 2010 | Морбидитет на 1000 жители во 2014 | Морбидитет на 1000 жители во 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2010 | 2014 | 2018 | Индекс 18/10 | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| A00-B99 | Одредени инфективни и паразитски болести | 124 | 105 | 68 | 0.5 | 3.0 | 2.5 | 1.6 |
